# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАТЕШКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА [1]

**Член 1**

Во членот 1 по зборот „државата" се додава: „особено за проекти согласно Договорот за основање на Енергетската Заедница".

**Член 2**

Во членот 2 после ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:
„Согласно обврските превземени со Договорот за основање на Енергетска Заедница, како и обврските превземени со Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија, со овој закон поблиску се уредуваат правилата за стратешки инвестициони проекти од областа на енергетиката и истиот има за цел:

- Забрзување на постапките за подготовка и реализација на стратешките инвестициони проекти од областа на енергетиката согласно условите дефинирани во овој закон;
- Назначување на Национален надлежен орган, дефинирање на неговата улога и задачи, како и утврдување на неговите надлежности и улога во однос со другите надлежни институции во земјата."

**Член 3**

Во членот 4, став 2 се брише следниот текст: „Министерскиот Совет на енергетка заедница, (Project of Energy Community Interest; PMI – Project of Mutual Interest; PCI – Project of Common Interest)."

По ставот 2 се додава нов став 3 и истиот гласи:
„За стратешки инвестициони проекти се сметаат и проектите ПЕЦИ и ПМИ кои се дел од листите усвоени од страна на Министерскиот совет на Енергетската заедница (PECI – Project of Energy Community Interest; PMI – Project of Mutual Interest)."

**Член 4**

По членот 4 се додава нов член 5 и истиот гласи:

**„Поими**

Член 5

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Државен орган** е орган на државната управа и правни лица основани од државата;

---

[1] Во законот во согласност со Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр. 2015/09/MC-EnC се транспонира Регулативата (ЕУ) бр. 347/2013 на упатства за транс-европска енергетска инфраструктура.

2. **Стратешки инвеститор** е домашно правно лице или подружница на странско правно лице, регистрирани за вршење на дејност на територија на Република Северна Македонија согласно со закон;

3. **Стратешки инвестиционен проект** е приватен, јавно-приватен стратешки инвестиционен проект или целосно јавен проект кој ги исполнува критериумите утврдени со овој закон;

4. **Приватен стратешки инвестиционен проект** е проект кој се финансира со инвестирање од страна на домашни или странски правни лица;

5. **Јавно-приватен стратешки инвестиционен проект** е проект реализиран по модел на јавно-приватно партнерство во согласност со прописите за јавно-приватно партнерство;

6. **Јавен стратешки инвестиционен проект** е проект чијшто носител е орган на државна управа, јавни претпријатија основани од државата или општините, како и трговски друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и други правни лица чиј основач е Република Северна Македонија или општините;

7. **Голем мултифункционален градежен комплекс** се градежни објекти на една или повеќе градежни парцели, поединечни или поврзани

8. **Нотификација** е известување за намерата за подготовка и реализација на стратешки инвестиционен проект од член 4 став 3;

9. **Одобрение на Нотификација** е акт со кој одбрува отпочнувањето на постапките согласно овој закон за подготовка и реализација на стратешки инвестиционен проект од член 4 став 3;

10. **Заклучок** е формален правен акт донесен од страна на Владата со кој се отпочнува процесот на добивање дозволи, лиценци, одобренија и слично за реализација на стратешки инвестиционен проект од областа на енергетиката од член 4 став 3;

11. **Одлука** е одлука донесена од страна на Владата како национален надлежен орган со која му се потврдува на проект промотор правото на изградба на енергетскса инфраструктура со цел реализација на стратешки инвестиционен проект од член 4 став 3;

12. **Енергетски објект** е физичка опрема, постројка и/или интерконективен вод која се наоѓа на територијата Република Северна Македонија; на територијата на Договорни Страни на Договорот за основање на Енергетска Заедница или поврзува Договорни Страни на Договорот за основање на Енергетска Заедница или поврзува Договорни Страни на Договорот за основање на Енергетска Заедница и земји членки на Европската Унија;

13. **Промотор на проект** е правно лице кои има намера да подготви и реализира стратешки инвестиционен проект од областа на енергетиката и може да биде еден од следниве:

а. Оператор на електропреносен систем, оператор на систем за пренос на природен гас, оператор на електродистрибутивен систем, оператор на систем за дистрибуција на природен гас, или друг оператор или инвеститор кој подготвува и реализира проект кој е од интерес за државата и/или Енергетската Заедница;

б. Таму каде што има повеќе оператори на електропреносен систем, оператори на систем за пренос на природен гас, оператори на електродистрибутивен систем, оператори на систем за дистрибуција на природен гас, други оператори, инвеститори,

или група од нив, правното лице формирано согласно закон, на кое му се пренесени правата и обврските, вклучително и финансиските обврски, во име и за сметка на Договорните Страни, а согласно превземените договорни обврски.

14. **Национален Надлежен Орган** е Владата на Република Северна Македонија како надлежно тело одговорно за олеснување и координација на процесот на добивање на дозволи за стратешките инвестициони проекти од член 4 став 3;

15. **Стратешки инвестициони проекти од областа на енергетиката** се проекти кои се стекнале со статус на стратешки инвестиционен проект согласно овој закон, како и ПЕЦИ и ПМИ проекти на територијата на Република Северна Македонија, и истите се вклучени во Листата на стратешки инвестициони проекти;

16. **Листа на стратешки инвестициони проекти** е листа на проекти кои се стекнале со статус на стратешки инвестициони проекти согласно овој закон и истите се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија;

16. **ПЕЦИ** (PECI – Project of Energy Community Interest) се проекти од интерес на Енергетската Заедница и истите се одобрени со Одлука на Министерскиот Совет на Енергетската Заедница;

17. **ПМИ** (PMI – Project of Mutual Interest) се проекти од заеднички интерес и истите се одобрени со Препорака на Министерскиот Совет на Енергетската Заедница;

18. **Листа на ПЕЦИ проекти** е список на ПЕЦИ проекетите одобрени со Одлука на Министерсткиот совет на Енергетската Заедница (PECI – Project of Energy Community Interest);

19. **Листа на ПМИ проекти** е список на ПМИ проектите одобрени со Препорака на Министерскиот Совет на Енергетската Заедница (PMI – Project of Mutual Interest).“

**Член 5**

Членот 7 се брише.
Членовите 5 и 6 стануваат 6 и 7.

**Член 6**

Во членот 8, по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Владата, како национален надлежен орган за проектите од член 4 став 3, ги има надлежностите и ја спроведува постапката од член 17 а до член 17 и на овој закон.“
Ставот 2 станува став 3.

**Член 7**

Во членот 9 се додава нов став 4 и истиот гласи:

„Бројот на постојани и повремени членови на Комисијата мора да биде непарен број.“
Ставот 4 станува став 5.

**Член 8**

На членот 10 се додава наслов: „Координатор на проект.“

**Член 9**

Во членот 11, точка 5 по зборот „проект“ се додадва: „освен за проектите од член 4 став 3;“ а во точката 6 по зборот „проекти“ се додава: „освен за проектите од став 4 став 3;.“

**Член 10**

Во членот 12 став 2 зборот „оперативно“ се брише и се заменува со зборот: „административно“.

**Член 11**

Во членот 14 став (2) алинеја 11 се брише.

**Член 12**

Во членот 15 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

По влегување во сила на законот со кој се уредува реализацијата на стратешкиот инвестиционен проект и склучување на договорот за стратешки инвестиционен проект, стратешкиот инвеститор доставува банкарска гаранција за реализирање на стратешкиот инвестиционен проект во висина од 3% од вредноста на приватната инвестиција.

Ставот (9) станува став (10).

**Член 13**

По членот 17 се додаваат 11 нови членови од 17а до 17и, и истите гласат:

**„Надлежности на Владата како национален надлежен орган**

Член 17 а

Владата, како национален надлежен орган за проектите од член 4 став 3, е надлежна и одговорна за:

1. Донесување одлука за доделување статус на стратешки инвестицонен проект за проектите од член 4 став 3;
2. Олеснување и координација на постапката за одбрување на нотификација и именување на проект промотор;
3. Донесување на Заклучок за отпочнување на реализацијата на стратешки инвестиционен проект;
4. Усвојување на Одлука за потврдување на правото на изградба на енергеткса инфраструктура со цел реализација на стратешки инвестиционен проект од областа на енергетиката;
5. Почитување на роковите утврдени во Заклучокот односно Одлуката;
6. Следење на реализацијата на стратешки инвестиционен проект;
7. Координација со надлежните министерства, општини, општини во градот Скопје, Градот Скопје, надлежни државни и јавни институции и друштва што вршат јавна услуга;
8. Вклучување на ПЕЦИ и ПМИ проекти на листата на стратешки инвестициони проекти од областа на енергетиката;
9. Усвојување на Правилник за постапување;
10. Се грижи за почитување на временските рокови утврдени во Заклучокот и Одлуката согласно член 26, како и за реализацијата на стратешкиот инвестиционен проект;

11. Утврдување на детална шема, посебно за секој проект поединечно, за процесот на издавање на дозволи во соработка со промоторот на проектот и други надлежни институции;
12. Координација со институциите на Енергетската Заедница во однос на имплементацијата на ПЕЦИ и ПМИ проектите;
13. Постојана комуникација и координација со надлежните органи во земјата членка на Европската Унија и Договорните Страни на Енергетската Заедница во поготовката на заедничките планови и координација на временските рокови согласно член 17 ж;
14. Одобрување и поднесување Годишни извештаи изготвени од оперативните групи за напредокот и застоите на ПЕЦИ и ПМИ проектите лоцирани на територијата на Република Северна Македонија, вклучувајќи и информации за причините за застој, до групите формирани од Енергетската Заедница.

**Статус на ПЕЦИ и ПМИ проекти во Република Северна Македонија**

Член 17 б

Кога еден проект ќе се стекне со статус на ПЕЦИ или ПМИ проект и истиот се вклучи на листата на ПЕЦИ/ПМИ проект, Владата во рок не подолг од 21 ден ќе донесе одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект во Република Северна Македонија.

Одлуката на Владата за утврдување на статус на проект за стратешки инвестиционен проект од став 1 на овој член се објавува во Службен Весник на Република Северна Македонија и проектот веднаш се вклучува на Листата на стратешки инвестициони проекти, со што проектот може да има корист од поддршката и постапките согласно овој закон.

**Оперативна група**

Член 17 в

За подршка на Владата во однос на стратешки инвестициони проекти од член 4 став 3, Владата формира оперативна група.

Оперативната група ги има следниве обврски во однос на стратешки инвестициони проекти од обласа на енергетиката:

- ја известува Владата за напредокот на постапките за добивање на дозволи во текот на сите фази се до донесувањето на одлуката со која му се потврдува на проект промоторот правото на изградба на енергетска инфраструктура со цел реализација на стратешки инвестиционен проект;
- ја подготвува одлуката за потврдување на право на градба и предлага нејзино донесување/усвојување од страна на Владата;
- предлага продолжување на роковите за издавање на различните дозволи по барање на проект промоторот заради причини кои се надвор од контрола на проект промоторот;
- комуницира и ги координира сите релевантни институции;
- и предлага на Владата упатување на ургенции до надлежни институции заради избегнување на доцнења или во случај на доцнење при донесување на поединечни одлуки согласно Правилникот за постапување;

- и предлага на Владата измени или усвојување на концепт за учество на јавноста предложен од страна на проект промоторот;
- изготвува годишни извештаи и истите ги предлага на Владата за нивно усвојување;

За секој стратешки инвестиционен проект Оперативната група изготвува посебен План за подготовка и реализација на стратешки инвестиционен проект кој мора да содржи преглед на сите потребни постапки за добивање на дозволи, лиценци, согласности и друга потребна документација неопходни за започнување и реализација на стратешки инвестиционен проект, вклучувајќи ги временските рокови за издавање на истите.

**Надлежности на промотор на проект**

Член 17 г

Промоторот на проектот согласно овој закон, ги има следниве надлежности:

- изготвува план за реализација на стратешки инвестиционен проект кој ги вклучува роковите за: физибилити студии, идејни и главни проекти; одобрувања од надлежни регулаторни тела и државни органи; шема на постапките за издавање на различните дозволи; изградба и пуштање во работа;
- изготвува и поднесува годишен извештај до Секретаријатот на Енергетската Заедница, најдоцна до 31-ви Март секоја година по годината од вклучување на ПЕЦИ и ПМИ проекти на листата на на стратешки инвестициони проекти;
- изготвува и поднесува концепт за вклучување на јавноста до Владата;
- подготвува извештај во кој се вклучени резултатите од јавната расправа, вклучително и активностите превземени пред започнување на постапките за добивање дозволи;
- Креира, одржува и редовно ажурира веб страница за проект;
- Обезбедува детален опис на проектот;
- Превзема активности за изготвување на извештаи за заштита на животната средина во текот на подготвителната фаза;

Проект промоторот е должен:

- Да обезбеди точност и соодветен квалитет на барањето, документацијата и информациите;
- Да обезбеди сите потребни информации да бидат навремено достапни за сите надлежни органи со цел исполнување на временските рокови;
- Да Соработува со Комисијата со цел исполнување на роковите и почитување на детланиот план за постапките за добивање на лиценци;
- Да Соработува со именуван координатор на проект од страна на Енергетската Заедница за ПЕЦИ или ПМИ проекти.

**Останати институции**

Член 17 д

Сите државни органи и локални институции, а со цел за навремено и ефикасно спроведување на стратешки инвестициони прокети од областа на енергетиката, имаат обврска да:

- Соработуваат со Владата и оперативната група за проектите од член 4 став 3 во изработката на детален опис на проектот поднесен од страна на проект

промотор со цел остварување на нотификацијата и започнување на процесот на добивање на лиценци;
- Соработуваат со Владата и оперативната група за проектите од член 4 став 3во поставување на рокови за донесување на одлуки;
- Ја информираат Владата и оперативната група за проектите од член 4 став 3 кога одредени одлуки нема да се донесат во предвидените рокови како и причините за тоа;
- Ја информираат Владата и оперативната група за проектите од член 4 став 3за конечните управни акти и да доставуваат копија до Владата за истите во исто време кога го информираат проект промоторот за истата.

Во случај на непочитување на одредбите од посебните закони со кои се утврдени преклузивни рокови во одделни управни постапки, Владата, односно соодветниот надлежен орган спроведува управен надзор согласно со посебен закон.

**Процес на добивање Одлука за потврдување на правото на изградба на енергетска инфраструктура со цел реализација на стратешки инвестиционен проект за проекти од член 4 став 3**

Член 17 ѓ

Процесот за добивање на Одлука за потврдување на правото на изградба на енергетски објект со цел реализација на стратешки инвестиционен проект, дефинирани во член 4 став 3 е составена од:

- Претходна постапка
- Статуторна постапка

Предходната постапка се спроведува во период од две години.

Статуторната постапка за добивање на Одлуката за потврдување на правото на изградба на енергетска инфраструктура со цел реализација на стратешки инвестиционен проект не треба да трае повеќе од една година и шест месеци.

Времетраењето на двете постапки, кумулативно, не треба да надминува период од три години и шест месеци. Но, доколку една или двете постапки од процесот на добивање на Одлуката нема да бидат завршени во законски определениот рок, на предлог на оперативната група, Владата може да одлучи да се продолжи едниот или двата законски рока за најмногу девет месеци.

**Предходна постапка**

Член 17 е

Предходната постапка го покрива периодот помеѓу поднесување на Нотификација за проект од страна на проект промоторот до Владата па се до моментот на донесување на Заклучок за отпочнување на реализација на проект.

Претходната постапка ги содржи следниве чекори:

- Поднесување на Нотификација за подготовка и реализација на проект заедно со барање и сите пропишани документи, согласно Правилникот за постапување, до Владата;

- Одобрение на нотификацијата од страна на Владата согласно Правилникот за постапување;
- Формирање на Оперативната група која во соработка со проект промоторот и сите надлежни институции ќе изготви предлог план за подготовка и реализација на проект кој во детали ќе ги содржи сите постапките за добивање на дозволи, согласности, одобренија и слично, вклучително и временски рокови за добивање на истите;
- За прекуграничните проекти кои вклучуваат две или повеќе Договорни Страни на Енергетската Заедница, оперативната група заедно со надлежните тела на соодветните Договорни Страни ќе изготват заеднички план со кој ќе ги усогласат временските рамки на секоја од нив;
- За прекугранични проекти кои вклучуваат една или повеќе Договорни Страни на Енергетската Заедница и една или повеќе земји членки на Европската Унија, надлежните тела на Договорните Страни и на земјите членки на Европската Унија ќе изготват заеднички план во кој ќе ги усогласат своите рокови;
- Владата, доколку е потребно, вклучително и во име на другите засегнати органи, може да побара дополнување на барањето во однос на информации кои недостасуваат, а кои треба да ги достави Проект промоторот;
- Донесување на Заклучок за отпочнување на реализација на проект согласно Правилникот за постапување.

Позитивен извештај за влијанието на проектот врз животната средина се обезбедува во текот на предходната постапка.

Одредбите за изградба на нови енергетски објекти од глава V од законот за енергетика не се применуваат во претходната постапка.

За време на предходната постапката, оперативната група ќе ги координира и поддржува следниве постапки иницирани од страна на проект промотор:

- Решавање на прашања поврзани со земјиште;
- Започнување на постапка за екпропријација, доколку е потребно;
- Превземање на активности и иницирање на постапки за измена и дополнување на просторен и урбанистички план,
- Други постапки од важност за подготовка на реализација на стратешки инвестиционен проект.

Нотификацијата се поднесува во писмена форма и вклучува детален опис на проектот согласно Правилникот за постапување.

Владата има право во рок од 3 месеци од поднесувањето на Нотификацијата за проектот, со одлука да ја одбие истата доколку смета дека проектот е преуранет за да може да го започне процесот на планирање и релизација согласно критериумите дефинирани во Правилникот за постапување.

По завршување на претходната постапка, а најдоцна во рок од две години од поднесување на Нотификација за проект од страна на проект промотор до Владата, Владата има обврска да донесе Заклучок.

Статуторната постапка се смета за започната кога промоторот ќе го прими Заклучокот за отпочнување на реализација на проектот донесен од страна на Владата.

**Статуторна постапка**

Член 17 ж

Статуторна постапка го опфаќа период од датумот на донесување на Заклучокот за отпочнување на реализација на проект од страна на Владата, и го вклучува обезбедувањето на сите потребни одобренија, дозволи, согласности, лиценци, овластувања, потврди и други документи издаваат согласно посебните закони од надлежните органи, а се неопходни (задолжителни) за стекнување на право за отпочнување со изградба на стратешкиот инвестиционен проект и трае до донесување на Одлука за потврдување на правото на изградба на енергетска инфраструктура со цел реализација на стратешки инвестиционен проект од областа на енергетиката од страна на Владата.

По завршување на статуторната постапка, а најдоцна во рок од една година и шест месеци од од датумот на донесување на Заклучокот за отпочнување на реализација на проект од страна на Владата, Владата има обврска да донесе Одлука за потврдување на правото на изградба на енергетска инфраструктура со цел реализација на стратешки инвестиционен проект од областа на енергетиката.

**Правилник за постапување**

Член 17 з

Владата ќе донесе Правилник за постапување со стратешки инвестициони проекти од од член 4 став 3 (Правилник за постапување) кој поблиску ги дефинира постапките за поднесување и одобрување на Нотификација, именување на проект промотор, формирање на оперативна група, донесување на Заклучок, донесување на Одлука за потврдување на правото на изградба на енергеткса инфраструктура со цел реализација на стратешки инвестиционен проект од областа на енергетиката.

Правилникот за постапување ги дефинира и содржи:

- Релевантните закони врз на кои се донесуваат различните одбренија, дозволи, согласности, лиценци, овластувања, потврди и други документи потребни за подготовка и реализација на стратешки инвестициони проекти од областа на енергетиката, вклучително и законот за заштита на животната средина;
- Обрасци на документи, структура и опис на информации кои треба да се достават со барањето за нотификација;
- Начинот на работа, детален опис на секој дел од постапката поединечно како и временските рокови за секоја од нив;
- Начини на вклучување на јавноста.
- Начин на соработка со Владата со цел исполнување на роковите и почитување на детланиот план за постапките за добивање на лиценци;
- Начин на соработка со именуван проект промотор од страна на Енергетската Заедница за ПЕЦИ или ПМИ проекти;
- Обврските на проект промоторот особено за обезбедување точност и соодветен квалитет на барањето, документацијата и информациите како и нивна

навремена достапност за сите надлежни институции со цел исполување на временските рокови.

**Приоритетност и итност во постапувањето**

Член 17 ѕ

Сите управни и други постапки неопходни за подготовка и реализација на стратешкиот проект се приоритетни.

Органите кои се надлежни за спроведување на управните и другите постапки согласно посебните закони, при реализацијата на стратешки проект, должни се, по прием на поднесените барања од инвеститорот, да постапуваат во итна постапка.

Во управната или судската постапка за реализација на стратешкиот проект ќе се посветува посебно внимание на потребата од итно решавање според природата на секој одделен случај.

**Постапувања пред Регулаторната Комисија за енергетика и водни услуги**

Член 17 и

Во случај на прекуграничен стратешки инвестиционен проект, проект промоторот, во соработка со соодветниот систем оператор, ќе поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за добивање на дополнителни поволности во висина на инвестицијата на територијата на Република Северна Македонија. Ова барање ќе биде во согласност со актите кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно закон за енергетика.“

**Член 14**

Во членот 18, по ставот 1 се додаваат 2 нови ставови и истите гласат:

„Заради обезбедување на поголема транспарентност и информираност на поширокета и стручната јавност, за стратешките инвестициони проекти од член 4 став 3, проект промоторот, во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на нотификацијата, е должен да постави веб страна за проектот.
На веб страницата, проект промоторот е должен да ги објавува, навремено, сите планирани јавни расправи, како и резултатите добиени од истите.“

**Член 15**

На членот 21 се додава наслов: „Подзаконски акти.“

После ставот 1 се додава нов став 2 во членот 21 кој гласи:

„Правилникот за постапување чие донесување е утврдено со овој закон, ќе се донесе во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.“

**Член 16**

По членот 21 се додаваат еден нов член 21а и истиот гласи:

**„Независност на преносните оператори за електрична енергија и природен гас**

Член 21 б

За проекти од областа на енергетиката, а особено за проектите од член 4 став 3 на овој закон, се применуваат соодветно законските одредби од законите од таа област, посебно оние одредби кои се однесуваат на сопственост на операторот на електропреносен систем и на операторот на систем за пренос на природен гас."

**Член 17**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".